# ПОТРЕБАТА ОД МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И ЗАШТИТА НА ДИГИТАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА МЛАДИТЕ

Лила Каранфиловска

# АПСТРАКТ

Во денешно време, нашите животи се целосно испреплетени во дигиталниот свет, а онлајн-активностите оставаат траен белег, односно дигитален отпечаток. Информациите што ги споделуваме и податоците што ги генерираме оставаат неизбришлива трага на интернет, обликувајќи ја не само нашата онлајн-репутација, туку и нашите идни можности и безбедност. Затоа, важно е да се разбере дигиталниот отпечаток и како да се движите низ пејзажот на своите онлајн-идентитети. Во онлајн-сферата, нашиот дигитален идентитет е „начин безбедно да потврдиме кои сме на интернет додека нудиме заштита на податоците и ги заштитуваме нашите лични информации“. Во практиката, тоа е продолжување на нашите документи за идентификација, но и збирни информации за нас кои постојат на интернет, а можат да ни обезбедат дигитално претставување како поединци. Нашиот онлајн-идентитет се сите информации што ги оставаме на интернет.  Содржи витални информации за тоа кои сме ние и може да вклучи повеќе сметки, податоци за прелистувањето, историја на купувањето и повеќе. Ако поминувате некое време на интернет, веќе имате дигитален идентитет. За да го заштитиме нашиот дигитален идентитет од кражба, треба да преземеме основни чекори за сајбербезбедност, како што се поставување силна лозинка и користење двофакторна автентикација. За да избегнете да станете жртва на кражба на дигиталниот идентитет поради длабоки фалсификати, од суштинско значење е прво да се разберат сите предизвици и опасности што демнат во онлајн-просторот.

**Клучни зборови:** интернет-безбедност, отпечаток од прст, лозинка,  онлајн-идентитет, длабинско лажно видео и слики

# 1. ВОВЕД

Живееме во време кога информациите стануваат основна алатка која носи примат во речиси сите полиња на човековата активност. Денес, навременото поседување на правилни информации е основен предуслов за донесување многу важни одлуки. Благодарение на технолошкиот напредок, проблемот со наоѓање на тие информации веќе не претставува тешкотија, бидејќи сега е достапен речиси за сите. Но, токму од оваа причина, лесната достапност на голем број различни информации, се појавија некои други проблеми кои се однесуваат, пред сè, на комплетноста, на веродостојноста и на безбедноста на тие информации.

Невозможно е да се одреди обемот на информации достапни на интернет во кој било момент, бидејќи тие постојано се зголемуваат. Благодарение на брзите технолошки достигнувања, средствата за користење на интернет-комуникацијата станаа евтини и достапни за сите. Трендот на социјалното поврзување од далечина предизвика промена во начинот на функционирање и дизајнирање на интернетот. Една од основните карактеристики на денешното време е сè поголемата количина информации што ги добиваме од различни извори, како што се дневниот печат, ТВ, пропаганден материјал или интернет. Од една страна, голема количина од тие информации овозможуваше сè побрз развој на човечкото општество, а од друга страна, бараше дополнителни технички помагала кои требаше да гизапомнат, да ги подредат и навремено да ги презентираат сите тие информации. Огромната брзина, лесната пристапност, манипулацијата и практично неограничените можности за складирање што ги дава интернетот отвораат невидени можности за најразновидна употреба на новите технологии кои му овозможија на човекот да донесе голем број брзи, целосни и сеопфатни одлуки. Во тоа море од информации, незамисливо е некој да управува без постоење информациски системи.

Новите технологии се составен дел од животот и имаат многу можности за учење и развој, но носат и многу потенцијални ризици, особено за децата и младите, кои сè уште немаат развиена способност да ги проценат ризиците и да донесуваат одлуки. Тие се подложни на многу опасности на интернет, како што се: несоодветна содржина, слики, насилство од врсници, порнографија, кражба на податоци и слично.

Во денешно време, стана начин на живот и вообичаена практика современите поединци, особено младите луѓе, секојдневно да го изложуваат сопствениот живот на интернет, а притоа ни најмалку не бидувајќи свесни за ризиците што таквите активности можат да ги донесат во однос не само на нивната приватност, туку и на нивната лична безбедност. Ситуацијата стана уште покомплицирана кога лицата кои би можеле да бидат загрозени не се директно одговорни за содржините поставени на страниците на интернет-страниците, социјалните мрежи и слични веб-простори.

Се поставува прашањето: *Дали дигиталниот отпечаток навистина толку многу може да влијае врз безбедноста и животот на младите?*

Дигиталниот отпечаток е збир на сите активности на интернет. Секојдневните работи што ги правиме – објавуваме на социјалните мрежи, купуваме, активираме сметка, се регистрираме за билтен, го проверуваме времето, пополнуваме анкета или споделуваме статија. Сите овие дејства оставаат дигитална трага, која може да ја вклучи нашата IP- адреса, како и сите лични детали од нашиот живот што сме ги споделиле на интернет. (IP- адресата е единствена серија на броеви што се доделуваат на секој уред поврзан на интернет. Може да го открие градот, областа или поштенскиот број од каде што се поврзуваме, но не и нашето име, адреса за пошта или телефонски број.) Податоците може да се следат и да се анализираат

од продавачи, огласувачи, институции и други организации, за тие да дознаат за нашите навики и да создадат приспособен профил. Накратко, нашиот дигитален отпечаток е сличен на отпечатоците што ги оставаме кога одиме по тукушто навеан снег. Другите можат да видат каде сме поминале. Со таа разлика што снежните стапалки по некое време исчезнуваат, а дигиталните отпечатоци може да останат постојано.

Дигиталните отпечатоци, всушност, може да бидат корисни. Тие може да го подобрат времето што го поминувате на интернет со обезбедување персонализирано, практично искуство – како што е запомнувањето на вашата последна нарачка на храна или овозможување насочени, ексклузивни понуди кои се усогласени со вашите интереси. Но, од друга страна, недоволното внимание што се посветува на овој отпечаток може да претставува проблем кој, што и како може да создаде и манипулира со „онлајн-репутацијата“ на детето.

Во тоа лежи клучниот проблем. Не плаќаме за интернет со пари; ние, всушност, повеќе не можеме да плаќаме за нашето рамноправно учество во општеството со пари – ние го плаќаме со нашите приватни податоци.

Темата за приватност на корисниците воопшто, особено на децата, доаѓа до израз паралелно со растот на популарноста на социјалните мрежи, пред сè Фејсбук. Преку презентирање на своето секојдневие, младите се изложуваат себеси и својата приватност во онлајн-просторот, без да бидат свесни за потенцијалните ризици кои таквото однесување може да им ги донесе сега, но и во иднина.

Видеоизмама, едно од достигнувањата на користењето на вештачката интелигенција, истовремено може да е и едно од најопасните, по многу основи – од рушење на репутацијата и приватноста на една личност, до манипулирање со јавноста и целосно извртување на настани од каков било вид во општествената сфера. Денес во ерата на онлајн-медиумите околностите се значително изменети.  Секој од нас ненадејно и одеднаш може да стане дел од некое вирално видео, статус, твит, стори или тикток-парче. Сеприсутноста на дигиталните медиуми и можноста без каква било наша согласност или контрола да бидеме втурнати во вителот на виралните содржини, кај повеќето од нас создава нов вид непријатност, а често и стрес или анксиозност.

Но, ако треба да се опише што е ‘видеоизмама‘, едно од достигнувањата на вештачката интелигенција, тогаш тоа, наједноставно кажано, би изгледало вака: гледате видео кое изгледа прилично реално, без разлика дали станува збор за учество во него на политичар, актер, пејач, обичен граѓанин. Воопшто не би се запрашале дали е тоа автентично, бидејќи пред вас има слика, а тука секако важи онаа старата дефиниција: „една слика, илјада зборови“. Ликот на видеото зборува, ја отвора устата во согласност со она што го зборува, ја гледате дури и препознатливата бенка на неговото лице. А сепак, видеото е лажно. Тоа што го гледате не е точно. Оттаму,  најголемата опасност што ја претставуваат видеоизмамите е нивната способност да шират лажни информации кои се чини дека доаѓаат од доверливи извори, а тоа е комплетна лага. Па оттаму, исклучително тешко е на гледачите да им се објасни дека она што го гледаат и слушаат, всушност, нема допирна точка сореалноста.

Оваа тема е предмет на бројни истражувања, а обесхрабрувачките резултати со кои се соочуваме, како и непријатните информации за злоупотребата на децата и младите предизвикани од несоодветната употреба на онлајн-медиумите, станаа наше секојдневие. Сите актери вклучени во процесот на растење, воспитување и образование се едногласни во мислењето дека е неопходно да се посвети посебно внимание на образованието на децата и младите за да го користат интернетот на начин што е безбеден за нивната приватност. Во ситуација кога личната автономија исчезнала, кога поединците, вклучително и децата и младите, создаваат лажна слика за себе во мрежата, неопходно е посебно внимание да се насочи кон стекнување на општо, конвенционално образование кое ќе може да формира

јасен однос на поединецот кон мрежната култура и интернетот воопшто.

Еден од проблемите со кои се соочуваме во овој поглед е фактот што компјутерите им се даваат на децата и младите како играчка и како средство за забава, односно како замена за родителите кои се отсутни или преоптоварени со своите секојдневни обврски.

Сепак, иако интернетот донесе многу предности кои значително го подобрија човечкиот живот, донесе и некои негативни последици кои сè почесто се посочуваат во последните години.

## 2. ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА

Времето кое го поминуваат младите и сите ние на интернет, пристапот до сите информации не е бесплатен. Свесно или несвесно, го изложуваме нашиот приватен живот или личните податоци пред милионска публика. За таа цел се реализира ова истражување преку кои се добија сознанија колку младите користат социјални мрежи, кои од нив им се омилени, какви содржини објавуваат и дали знаат да ги заштитат своите лични податоци.

Примарниот извор на податоци е анкета која е дистрибуирана на ученици во различни училишта. Анкетата содржи комбинација од затворени и отворени прашања, што овозможи детална анализа на различните аспекти за потребата од медиумска писменост и заштита на дигиталниот идентитет на младите.

Анкетните прашалници беа наменети за учениците (прилог 1). Во ова истражување се опфатени 90 ученици од 14- и 15-годишна возраст од 5 основни училишта од Република Северна Македонија.

Податоците добиени од анкетата беа анализирани со помош на квалитативни и квантитативни методи за анализа на текст. Ова вклучуваше идентификација на теми и трендови во одговорите на учесниците, како и анализа на фреквенцијата на одредени изрази и концепти. Истражувачката методологија има за цел да овозможи детално исцрпно истражување на темата и да обезбеди релевантни и значајни резултати кои ќе придонесат кон подобрување на образованието преку интеграцијата на дигиталните медиуми во наставата.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА

Интересно истражување спроведено од УНИЦЕФ (УНИЦЕФ, 2016) укажува на две доминантни области кои, според родителите, најмногу го окупираат вниманието на децата на интернет, а тоа се: забавата и слободното време (играње игри и музички содржини) и комуникацијата на социјалните мрежи со врсниците. Социјалните мрежи и комуникацијата со врсниците стануваат интернет-преокупација на 12 години, а на 14 до 17 години за 70 % од децата од таа генерација тоа е секојдневна активност на интернет. Кога станува збор за учењето и образованието, истражувањето покажува дека тоа не се активности кои доминираат кај децата; иако 60 % од децата користат интернет неколкупати неделно за учење, зачестеноста на оваа активност не е доволно изразена.

Повеќе од 400 деца и млади од Северна Македонија учествуваа на AU-Report анкета за онлајн безбедност, спроведена во 2023 година од страна на UNICEF. Еден од тројца (31 процент) од испитаниците изјавиле дека доживеале онлајн-малтретирање. Многумина, 18 отсто, признаваат дека недостатокот на знаење и информации за тоа како да се остане заштитен е една од причините зошто насилството преку интернет продолжува, додека дури41 отсто сметаат дека тоа не се сфаќа сериозно од институциите.

Растењето онлајн нуди неограничени можности за критичко учење, развој на вештини и за изразување. Според последните податоци (ДЗС, 2023), секој (100 отсто) млад човек на возраст од 15 до 24 години во нашата земја користи интернет и речиси сите (97 отсто) го користат неколкупати секој ден. Одржувањето на децата информирани и ангажирани за ризиците, на начин кој одговара на нивните капацитети за развој, е критична одбрана и исто така е еден од темелите на Комитетот за правата на детето, Упатство за правата на децата во однос на дигиталната средина.

Истражувачите од Универзитетот во Амстердам (Peter, Valkenburg & Schouten, 2005; според: Radovanović, Spasić, 2009) го анализираа моделот на создавање онлајн-пријателства на адолесцентите. Наодите од истражувањето ја покажаа поврзаноста на психолошките карактеристики на личноста, мотивите и обрасците на користењето на интернетот и нивното заедничко влијание. Утврдено е индиректното влијание на димензиите на екстраверзијата/интровертноста врз стекнувањето пријатели на интернет. Тоа се реализира индиректно преку подготвеноста да се презентираат информации за себе и зачестеноста на онлајн-комуникацијата.

Во последните неколку години, сведоци сме на зголемување на употребата на дигитални технологии и интернет, особено кај децата и младите. Според некои автори, интернетот е создаден во 1969 година и се дефинира како „глобален комуникациски систем на меѓусебно поврзани компјутерски мрежи наменети за размена на информации" (Радовановиќ, Спасиќ, 2009: 243).

Во Нацрт-стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Северна Македонија во периодот 2013 – 2017 година, за првпат во законодавството е посветено внимание на медиумската писменост. Во тој документ се нагласува потребата за промовирање на медиумската писменост како еден од најголемите интереси на нашето општество, процес каде што образовните институции треба да бидат вклучени со различни механизми за проверка на ефектите во наставната програма од медиумското образование, регулаторни тела, развивање на саморегулаторни кодекси каде што се зборува за професионалните стандарди за зголемување на одговорноста кога се креираат медиумски производи, изработка на посебни програми со различни активности поврзани со медиумската писменост и различни проекти и иницијативи. Значајно е да се каже дека во рамките на Стратегијата за образованието 2018 – 2025 на Министерството за образование и наука, терминот „медиумска писменост" е изоставен во целост. Терминот „дигитална писменост" е застапен само петпати. Светла точка е постоењето на терминот „критичко мислење", кое се сретнува првпат во еден документ на јавни политики, спомнат дури четири пати во Стратегијата за образование 2015 – 2018 (Стојановски, 2020).

Младите луѓе не само што треба да ги стекнат вештините за медиумска писменост, туку треба да бидат и нејзини најголеми промотори. Тие сè почесто се поврзуваат со медиумската писменост. Колку младите подобро ги познаваат медиумите и се запознаени со нивната работа и улога, толку полесно ќе ја разберат и својата улога, но и одговорноста за заштита на јавниот интерес. Но, кога станува збор за информирањето, се чини дека тие сакаат да се информираат брзо, а тоа значи дека брзообјавената информација не секогаш е и точна. Истражување спроведено од страна на Центарот за европски стратегии

„ЕвроТинк" и Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис" во 2018 и 2019 година покажува статистички податоци за тоа преку кои видови медиуми младите најчесто се информираат. Очекувано, младите најчесто се информираат преку интернет, поточно 38,4 %, тука спаѓаат електронски верзии на телевизии, информативни портали и дневни весници. Околу 32 % од младите се информираат преку социјалните медиуми Фејсбук и Твитер. Телевизијата е следна, со над 7 %, а поразителен податок е дека само 1 % од младите се информираат преку печатените медиуми. Од овој примерок, само тројца млади се информираат преку нив, а дури 21 % од анкетираните не се изјасниле за ова прашање. Во однос на тоа ако се земе само интернетот како средство за информирање, најчесто анкетираните се информираат преку Фејсбук и Твитер, поточно 32,1 %, од други интернет портали 22,2 %, од електронски верзии на дневни весници 21,2 %, а само 9,3 % од нив преку електронски верзии на телевизии.

Популарноста на интернетот расте секој ден; според податоците на Државниот завод за статистика, во првото тримесечје од 2020 година, 79,9 % од домаќинствата имале пристап до интернет од дома. Учеството на домаќинствата според тип на населено место со широкопојасен интернет во вкупниот број на домаќинства е 87,8 %. Во првото тримесечје од 2020 година, од вкупното население на возраст од 15 до 74 години, 81,4 % користеле интернет, а 70,9 % го користеле секој ден или речиси секој ден.

Голем број традиционални медиуми (ТВ, радиостаници, весници) го прошируваат своето присуство во дигиталната средина така што онлајн ги објавуваат своите информации. Според најновата анкета на јавното мислење (2021 год.) спроведена од НДИ (Националниот демократски институт), информациите за социјалните, политичките, економските и други локални и глобални теми граѓаните претежно ги добиваат преку телевизијата (76 %), потоа преку социјалните медиуми (36 %), онлајн-порталите (26 %), а најмалку преку радиостаниците, дневните весници или списанијата.

Анализите покажуваат дека случаите на насилство преку интернет се зголемени за 70 % во периодот помеѓу март и април 2020 година, токму во средината на пандемијата. Факт е дека времето поминато на интернет и можностите за различни облици на дигитално насилство се правопропорционални, односно повеќе време поминато на интернет создава повеќе можности за вознемирување, насилство и злоупотреба. Поради новиот начин на функционирање на образовниот систем, само 20 % од злоупотребите се случуваат во рамките на училиштата, додека останатите 80 % се однесуваат на злоупотреби на интернет. Пред да започне пандемијата, децата поминуваа многу време пред компјутер, а за време на пандемијата, поголемиот дел го минуваа во своите домови или во други алтернативни форми за нивно згрижување постојано користејќи интернет којшто стана основен начин за учење, но и за комуникација, разонода, играње игри и сл.

Младите поминуваат многу време на социјалните мрежи, создаваат виртуелни пријателства, а сè помалку ги негуваат реалните социјални контакти. Оваа практика носи со себе многу негативно влијание врз личноста на детето, врз неговиот социјален живот. Затоа е многу важно младите да се стекнат со вештини за критичко размислување и критички пристап кон информациите кои им се потребни за да изградат отпорност на дезинформации, а уште поважно е безбедно да го поминуваат времето на интерент.

Луѓето што ги среќаваат на интернет не се секогаш такви какви што тврдат дека се. Тие можеби не се ни реални. Лажните профили на социјалните мрежи се популарен начин за хакерите да ги дотеруваат непретпазливите корисници на интернет и да ги одберат нивните сајберџебови. Младите треба да ја применуваат истата претпазливост во онлајн социјален живот исто како за нивниот реален социјален живот.

# 4. ДИСКУСИЈА И ЗАКЛУЧОК

Во првиот дел е даден општ преглед на состојбите во однос на користењето на социјалните мрежи од страна на младите, значењето на дигиталниот идентитет, како и стекнувањето знаење како да се заштитиме на интернет. Заштитата на детскиот интегритет во однос на заштитата на личните податоци е забележана во контекст на користењето на интернетот и сè поголемата популарност на социјалните мрежи, пред сè на Фејсбук.

Врз основа на добиените одговори и направената анализа, добиени се следниве сознанија. Скоро 95 % од младите активно користат некој вид социјална мрежа, и имаат пристап до интернет во домашни услови и на училиште.

На прашањето: *Од каде ги добиваат најчесто информациите*? околу 70 % одговорија дека ги добиваат од интернет, додека мал дел од телевизија или некој печатен медиум. Омилени социјални мрежи меѓу младите се Фејсбук и ТикТок.

Од направената анализа на прашалникот, околу 60 % од младите не ги ажурураат своите податоци на интернет-профилот, а со тоа се изложени на хакирање, додека помал дел применуваат силни лозинки. Исто така, може да се истакне дека профилот на девојчињата (70 % од испитаните) е повеќе изложен на хакирање и на злоупотреба на личните податоци отколку на момчињата. Незначителна е разликата помеѓу момчињата и девојчињата во однос на користењето на технологијата, затоа што интернетот и дигиталните уреди им се достапни на младите.

На прашањето: *Дали чувствуваат потреба од дополнителни информации за тоа како да се заштитат на интернет?* 85 % одговорија дека имаат потреба од дополнителни насоки и информации за безбедно поминато време на интернет, додека само мал дел чувствуваат дека се безбедни во дигиталниот свет.

Врз основа на податоците, алармантен е фактот дека младите поминуваат многу време на интернет, дури тоа преминува во една зависност од социјалните мрежи и виртуелни контакти. Заштитата на децата на интернет и превенцијата од зависност бара соработка на целата локална заедница и општество, не само родителите, училиштата,

полицијата и службите за заштита. Еден од начините за обезбедување заштита и превенција се едукативните кампањи, кои се наменети не само за децата, родителите, експертите, туку и за сите луѓе. Интернетот има големо влијание врз социјалниот живот и менталното здравје, па затоа треба сериозно да се пристапи кон оваа состојба. Дали ќе има штетата од користењето на интернетот не зависи само од времето поминато на интернет, туку и од целта со која детето го користи. За заштита на децата, треба добро сите да се информираат, да се воспостави топол и отворен однос во кој децата ќе бидат подготвени слободно да комуницираат, дури и за најчувствителните работи. Неопходно е да се проценат ризиците и да се најдат начини за безбедно користење и солидна медиумска писменост на младите.

**Практики за одржување безбеден интернет-идентитет:**

- *Да ги заштитиме нашите лични податоци*: Не откривајте ја вашата лична адреса, вашиот телефонски број, лозинките или броевите на банкарските картички.
- *Да размислиме за користење прекар* наместо нашето вистинско име.
- Никогаш да не ги споделуваме со никого нашите кориснички имиња или лозинки.

**Препораки за лозинки:**

- Долга лозинка – мин. 8 карактери;
- Да содржи мала буква, голема буква, цифра и специјален знак;
- 2 начини за автентикација – смс-код или апликација;
- Редовно менување – најмалку еднаш годишно.

**Безбедно споделување:**

- Прегледајте ги поставките за приватност;
- Размислете пред да споделите;
- Проверете ги поставките за локација;
- Редовно ажурирајте ги поставките за приватност;
- Редовно следете го вашето онлајн-присуство;
- Едуцирајте ги другите.

Во суштина, влијанието на онлајн-активностите врз личниот живот е повеќеслојно, а поединците играат клучна улога во обликувањето на нивните дигитални искуства. Постигнувањето рамнотежа, свесноста за потенцијалните предизвици и користењето одговорно онлајн-однесување придонесуваат за позитивна и хармонична интеграција на онлајн и офлајн аспектите на животот на сите, а особено на младите. Релевантна е потребата младите медиумски да се едуцираат за безбедно да пловат во оваа дигитална ера.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Истражување критичкото мислење и медиумската писменост кај младите во Република Северна Македонија [Електронски извор] / [автор Александар Стојановски]. - Скопје : Метаморфозис : Центар за европски стратегии ЕвроТинк, 2020
2. МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ВО РС МАКЕДОНИЈА, ТРАЈЧОВ, Кристијан, Правен факултет Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, УДК: 316.774:003-028.31-053.6(497.7)
3. ДИГИТАЛНАТА ПИСМЕНОСТ ПРЕДИЗВИК НА СОВРЕМЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, Svetlana Pandiloska Grncharoska, KNOWLEDGE – International Journal Vol.48.2
4. ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД НАСИЛСТВО ВО ДИГИТАЛНИОТ СВЕТ, Проф. д-р Гордана Лажетиќ, д-р Невена Петровска, проф. д-р Лазар Нанев, Септември, 2020 година
5. Центар за европски стратегии ЕвроТинк и Фондација за интернет и општество Метаморфозис (2018/19). Истражување – Критичкото мислење и медиумската писменост кај младите во Р С. Македонија.
6. *https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/istrazhuvanje-kritichkoto-mislenje-i-mediumskata-pismenostkaj-mladite-vo-republika-severna-makedonija/*
7. *https://mim.org.mk/mk/edukacija/1390-kolku-e-mozna-privatnosta-vo-erata-na-onlajn-mediumite*
8. Медиумска писменост: прирачник за обучувачи, УЧИМЕ ДА РАСПОЗНАВАМЕ
9. Ризици виртуелног света за младе и превенција зависности од интернета, Јована Д.
10. Јоковић, Иновације у настави, XXXI, 2018/4, стр. 145–159

# ПРИЛОГ 1

## ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ

1. Пол

а) Машко

б) Женско

2. Место на живеење

а) Град

б) Село

3. Од каде најчесто ги добивате информациите?

а) Интернет

б) Телевизија

в) електронски портал

г) списание

д)______________________________

4. Кои социјални мрежи најчесто ги користиш?

а) Фејсбук

б) ТикТок

в) Снапчет

г) ______________________________

5. Колку време поминуваш на интернет?

а) Често

б) Понекогаш

в)______________________________

6. Дали ти се има случено твојот профил да е хакиран?

а) Да

б) Не

7. Дали, при споделување на интернет, внимаваш на приватноста и личните податоци?

______________________________

8. Наведи неколку примери како ги заштитуваш твоите лични податоци на интернет!

______________________________

9. Дали имаш потреба од дополнителни информации за тоа како безбедно да си на интернет?

а) Да

б) Не

# ЗА АВТОРОТ



## ЛИЛА КАРАНФИЛОВСКА

**lila_karan@yahoo.com**

Одделенски наставник во ООУ Св. Наум Охридски – с. Пештани, Охрид. Работела на различни проекти за развивање и поттикнување на емпатијата кај учениците, била координатор на меѓународен екопроект за подигнување на свеста кај учениците за климатските промени. Во 2020 година, како Е-твининг амбасадор, учествувала но низа меѓународни проекти кои добија европски ознаки за квалитет и реализирав обуки за наставници. Сертифициран тренер за Медиумска писменост и ЕДУИНО едукатор.